Erasmus+
Enriching lives, opening minds.

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Co-funded by the European Union

ПОВИК бр.1

Тренерски услуги на национални експерти на обуките за градење капацитети за мониторинг и евалуација (МиЕ) за јавни и државни службеници во Северна Македонија

1. Вовед

Македонската мрежа на евалуатори (МЕН), во партнерство со Хрватското евалуациско друштво (ХЕВАЛ), ќе спроведе четири обуки во јули 2025 година во Скопје, Куманово и Тетово, во рамките на проектот Еразмус+, насловен како „*Подобрување на вештините за мониторинг и евалуација (МиЕ) на јавните и државните службеници*" Целта на овој проект е да се зајакнат капацитетите за (МиЕ) во рамките на јавната администрација на Северна Македонија. Оваа иницијатива има за цел да промовира систематско разбирање на МиЕ низ целиот циклус на политики, програми и проекти; да воведе меѓународни и стандарди на ЕУ за МиЕ; и да придонесе за идната подготвеност за управување со структурните и претпристапните фондови на ЕУ. (*прилог: леток со подетални информации за проектот).*

2. Цели на обуките

Главните цели и намена на оваа обука се да се подобри капацитетот за следење и евалуација на јавните администратори и државните службеници во системско разбирање и практични вештини за следење и евалуација со цел подобрување на ефикасноста и ефективноста на политиките, програмите и проектите во јавниот сектор. Преку размена на искуства и трансфер на знаење помеѓу земјите - членки на ЕУ и земјите кандидати а во врска со меѓународните стандарди за мониторинг и евалуација и стандардите на ЕУ, институциите во Северна Македонија ќе се подготват за идното користење на структурните фондови на ЕУ штом ќе започне процесот на преговори.

Придобивки за учесниците:

Главната придобивка од обуката е стекнатото знаење кое е веднаш применливо за разбирањето и управувањето со грантови од меѓународни и претпристапни фондови на ЕУ, како и од различни национални извори на финансирање. Примената на M&E во јавниот сектор промовира отчетност и подобро донесување одлуки преку подобрени практики за управување со проекти и програми, обезбедувајќи поголем фокус на резултатите и поефикасно користење на јавните ресурси. Сите учесници ќе добијат сертификат за присуство по завршувањето на програмата за обука.

Обуката ќе ја врши комбиниран тим од 1 хрватски и 2 македонски експерти на хрватски и македонски јазик.

MEN Macedonian Evaluation Network

Contact information:
Web: www.men.mk |
E-mail: men@men.mk
Tell: 070233867

HEval
Hrvatsko evaluacijsko društvo

Програмата се состои од следниве модули (Анекс 1) :

Модул 1: Вовед во клучните концепти и стандарди за мониторинг и евалуација
Модул 2: Национални системи за планирање, мониторинг и евалуација
Модул 3: Програми на Европската Унија кои ги поддржуваат владините институции
Модул 4: Методологии за мониторинг и евалуација и имплементација
Модул 5: Спроведување на мониторинг и евалуација во владините институции

Повеќе детали за програмата, модулите, сесиите и времето на одржување на обуките, на линкот овде.

Вкупно ќе се одржат четири 3-дневни обуки, две во Скопје и по една во Куманово и Тетово.

3. Обем на работа

Експертот/тренер ќе ги спроведе следниве активности:

1: Подготовка на презентација

- Преглед на агендата за обука, материјалите, евиденцијата за присуство и профилите на учесниците;
- Изработка на презентација за сесиите од модулите за кои ќе биде избран;
- Превод на презентацијата на хрватските експерти;
- Запознавање со методологија на обуката , изработена од експертите/тренерите на
- Подготовка на материјалите за учесниците за темите за кои ќе биде избран.

2: Предавање на обуките

- Асистирање на хрватските експерти за спроведување на групната работа по сесии;
- Презентирање на сесиите што ќе му бидат доделени;
- Интерактивна дискусија со учесниците

3: Извештај од обуките

- Изработка на извештај за спроведените сесии
- Оценка на обуката како тренер
- Учество во евалуацијата на обуката што ќе се спроведе од надворешен евалуатор;

4. Испораки

- Презентација со вежби за сесиите за кои е избран
- Учество на 4 обуки
- Поднесен извештај од обуката

5. Квалификации на евалуаторот/или нсултантската компанија

Ескепертот/тренерот треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

- Докажано искуство (7+ години) во спроведување програми за градење капацитети и/или обука;
- Солидно разбирање на системите за мониторинг и евалуација на јавниот сектор и стандардите за евалуација на ЕУ;
- Познавање на контекстот на јавната администрација на Западен Балкан;
- Течно познавање на англиски и македонски јазик (познавањето на албанскиот јазик ќе се смета за предност);
- Силни аналитички вештини и вештини за пишување извештаи;
- Докажана способност за дизајнирање партиципативни и родово сензитивни евалуации.
- Членството во МЕН ќе се смета за предност.

6. Управување и надзор

Задачата ќе ја управува MEN, со технички придонес од HEVAL. Консултантот ќе известува директно до назначениот раководител на проектот во MEN и ќе се координира тесно со проектниот менаџер и хрватскиот експерт изработувач на програмата за обука.

7. Буџет и услови за плаќање

За оваа задача се предвидени вкупно 32 консултантски дена за 3 тренери кои ќе бидат избрани врз основа на критериумите од точка 5.

Плаќањето ќе се изврши на следниов начин:

- 30% по поднесувањето на презентацијата
- 70% по поднесувањето на извештајот од спроведените обуки

8. Процес на аплицирање

Заинтересираните кандидати треба да достават следново:

- Биографии на консултантот/консултантите
- Финансиска понуда (цена по ден, вклучувајќи ги сите трошоци)

Краен рок за поднесување: 20 јуни 2025 година пред 16:30 часот.

Понудите се доставуваат на: men@men.mk со наслов: Понуда за Експерт/Тренер на обуките за МиЕ 2025